# СТАТУТ НА „ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА, РОБОТИКА, ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ИКТ - АКТ“

## пречистен текст од 29.06.2026

# 1. Основни одредби

## 1.1. Мисија и цели

1.1.1 Мисија на Здружението е да го поддржи развојот на вештачката интелигенција, роботиката, информатичките и комуникациските технологии и сродните дигитални технологии во Република Северна Македонија, Балканскиот регион и пошироко, особено во областа на образованието, истражувањето и примената на иновативните технологии.

1.1.2 Стратешките цели на Здружението се:

1. Промовирање и поддршка на научно истражувачката работа во областа на информатиката, информациските и комуникациските технологии, вештачката интелигенција, роботиката и сродните дисциплини;

2. Поттикнување на развојот и примената на информатичките и комуникациските технологии, вештачката интелигенција и роботиката за развој на дигитално, иновативно и информатичко општество;

3. Развивање на соработка помеѓу академската заедница, индустријата, јавниот сектор, образовните и истражувачките институции;

4. Поддршка на образовни, научни, иновативни, технолошки и развојни иницијативи и проекти;

5. Унапредување на стручната експертиза, професионалниот развој, трансферот на знаење и меѓународната соработка.

1.1.3 Со овој Статут се уредува делокругот на работа, организацијата и работата на Здружението односно се обликува правилникот и активностите на Здружението, надлежностите и начините на

функционирање на органите и формите на учество, нејзините органи и тела, општите акти и постапката за нивно донесување, начинот и постапката за прием, упис и бришење членовите на Здружението, финансирање на Здружението и други прашања.

### 1.2. Назив

1.2.1 Називот на Здружението е: „Здружение на граѓани асоцијација за вештачка интелигенција, роботика, информатички и комуникациски Технологии ИКТ-АКТ“ со скратен назив „Асоцијација ИКТ-АКТ“.

1.2.2 Англискиот назив на Здружението е: „Association for Artificial Intelligence, Robotics, Information and Communication Technologies ICT-ACT“, а краткиот назив на англиски е: „ICT-ACT Association“.

1.2.3 Здружението има својство на здружение на граѓани.

### 1.3. Седиште и печат

1.3.1 Седиштето на Здружението е на адреса „Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Руѓер Бошковиќ 16, 1000 Скопје“

1.3.2 Здружението има печат и штембил.

1.3.3 Здружението, врз основа на одлука на Собранието на Здружението, може да членува и во меѓународни организации и други правни асоцијации и здруженија во земјата и во странство.

## 2. Предмет на работење

### 2.1. Задачи

2.1.1 Здружението, заради остварување на своите цели, особено ги врши следните активности:

1) Организирање на научни конференции, стручни собири, семинари, работилници, летни школи и други настани од областите на информатичките и комуникациските технологии, вештачката интелигенција, роботиката и сродните дисциплини;
2) Организирање на стручни и научни предавања, презентации, обуки и едукативни активности со учество на домашни и странски експерти;
3) Иницирање, организирање и спроведување научно-истражувачки, развојни, иновативни и апликативни проекти;
4) Поддршка на активности поврзани со високо образование,

професионална едукација, доживотно учење и развој на кадар;

5) Активна соработка со индустријата, јавниот сектор, образовните и истражувачките институции преку развој и реализација на проекти, стручна експертиза, техничка помош, примена на вештачка интелигенција, роботика, дигитални технологии и советодавни активности;

6) Предлагање, подготовка и учество во домашни и меѓународни научно-истражувачки, образовни, технолошки и развојни програми и проекти;

7) Организирање јавни трибини, јавни дебати, експертски дискусии, анализи и иницијативи во областите на дејствување на Здружението;

8) Издавање на научни, стручни и популарни списанија, прирачници, студии, извештаи, дигитални содржини и други публикации.

# 3. Членови и членство

## 3.1. Членови на Здружението

3.1.1 Членови на Здружението можат да бидат физички лица чии професионални, научни, образовни, истражувачки, иновативни или стручни интереси се поврзани со развојот и примената на информатиката, информациските и комуникациските технологии, вештачката интелигенција, роботиката и сродните области.

3.1.2 Членови на Здружението можат да бидат лица од академската заедница, истражувачките институции, индустријата, јавниот сектор и други релевантни области, како домашни така и странски државјани, кои ги прифаќаат целите, вредностите и актите на Здружението и активно придонесуваат или имаат интерес да придонесуваат во неговата работа.

## 3.2. Членство

3.2.1 За прашања поврзани со приемот на нови членови, одржување на членството и престанок на членството, одговорен е Управниот Одбор на Здружението.

**Прием на нови членови**

3.2.2 Собранието го потврдува приемот на нови членови на Здружението, на предлог на Управниот Одбор.

3.2.3 За да се биде примен во Здружението и да се одржи членството во Здружението, секој член мора да има добра репутација во општеството и таа репутација да е прифатлива за Здружението.

3.2.4 Кандидатите треба да ги испраќаат нивните пристапници до Управниот Одбор, кој ги прифаќа или одбива таквите пристапници

на нејзиниот нареден состанок. Сите кои се пријавиле и на кои им е одобрено зачленување во Здружението, ќе бидат известени написмено за одлуката на Управниот Одбор.

3.2.5 Кога одлучува за нови членови, Управниот Одбор го применува дискрециониот принцип: не ги образложува негативните одлуки.

3.2.6 Комисијата за членство ги испраќа своите предлози до УО за одобрување. Ова одобрување УО го прави за време на редовно свиканите седници или по пат на гласање преку електронска пошта. На годишно ниво, Собранието јавно ќе ги потврди или јавно ќе ги одбие членовите кои биле одобрени или одбиени од УО. Пред гласањето на Собранието, УО секогаш работи во име на Собранието во врска со новото членство. Доколку нема јавно изразени приговори од некој член на Собранието, предлозите на Комисијата за членство и на УО ќе се сметаат за валидни.

3.2.7 Кога новите членови се прифатени од УО, ќе им се испрати фактура за членарина, која треба да се плати во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на фактурата.

3.2.8 Ќе се смета дека членовите немаат "добра репутација" доколку не ја платат членарината благовремено. Координаторот е задолжен за испраќање на информација за евентуалните задоцнувања со плаќањето до членот кој доцни.

3.2.9 Комисијата за членство е овластена да ги извршува своите должности во врска со условите за прием и класификацијата на членовите.

3.2.10 Членовите ќе добијат потврда за членство и членски карти.

**Почесни членови**

3.2.11 Здружението може да има почесни членови. Почесните членови може да бидат лица кои на Здружението и донеле висок рејтинг или биле заслужни за нивните исклучителни деловни активности во поглед на Здружението. Почесните членови имаат право да го користат изразот "Почесни членови". Почесните членови ќе се избираат со мнозинство гласови на Собранието и со статусот на Почесни членови нема да бидат овластени да вршат избрани функции во Здружението.

**Исклучување на членови**

3.2.12 Освен во случајот од членовите 3.3.3 и 5.1.3, Здружението може да исклучи член поради недолично однесување, или член чие продолжување на членството се смета за штетно за Здружението, со дво-третинско мнозинство на Управниот Одбор.

### 3.3. Престанок на членство

3.3.1 Членувањето во Здружението може да престане ако членот: (а) достави писмено барање за престанок на членување; (б) е исклучен од Здружението.

3.3.2 Членовите може да се откажат од своето членство со давање на писмено известување до Координаторот. Тоа мора да се направи најдоцна еден месец пред членарината да стаса за плаќање, а во спротивно тие ќе бидат должни и за членарината за во наредниот период за плаќање на членарина.

3.3.3 Секој член може да биде исклучен од Здружението ако:

1) не се придржува и не ги исполнува обврските што произлегуваат од Статутот, одлуките и заклучоците на Здружението;
2) работи спротивно на интересите на Здружението.

3.3.4 Начинот на исклучување на членот на Здружението е наведена во делот Исклучување на членови.

### 3.4. Права, обврски и одговорности

3.4.1 Членовите на здружението ги имаат следниве права, обврски и одговорности:

1) Активни и пасивни гласачки права во органите на Здружението;
2) Давање на предлози за изработка на проекти;
3) Право на употребување на услугите кои ги дава Здружението;
4) Право на информирање на разни прашања од областа на Здружението;
5) Учествување во проекти во рамките на Здружението и надвор од неа;
6) Учествување во обезбедување на средства потребни за работа на Здружението;
7) Редовно плаќање на членарина.

## 4. Органи и тела на Здружението

### 4.1 Органи на Здружението се:

1. Собрание;
2. Управен одбор;
3. Надзорен одбор;
4. Претседател на Здружението;
5. Потпретседател/Координатор на Здружението.

## 4.2 Собрание на Здружението

4.2.1 Собранието е највисок орган на Здружението и го сочинуваат сите членови на Здружението. Собранието на Здружението работи на седници.

**Стандардно свикување на седница**

4.2.2 Редовна годишна седница на Собранието се одржува еднаш годишно. Други седници на Собранието може да се одржат ако има потреба за тоа.

4.2.3 Седница на Собрание се одржува на барање на Претседателот на Здружението или по писмено барање доставено до Координаторот на Здружението од најмалку 10 редовни членови или нивни застапници.

4.2.4 Членовите на Собранието се известуваат за закажаната седница на Собранието по писмен пат користејќи пошта, телефакс или електронска пошта најмалку 21 календарски денови пред денот на нејзиното одржување, а во итни случаи може и во покус рок, но не покус од три денови.

4.2.5 Доколку Претседателот на Здружението не свика седница на Собранието по уредно доставено барање согласно овој Статут, Управниот одбор може да ја свика седницата на Собранието во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето. На така свиканата седница може да се расправа и одлучува само по прашањата за кои е свикана седницата, освен ако Собранието со мнозинство гласови не одлучи поинаку.

**Свикување на седница од членови на Здружението**

4.2.6 Во случај на писмено барање за свикување на седница на Собранието од страна на мнозинството членови на Управниот Одбор, а Претседателот не свика Собрание во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето во седиштето на Здружението, мнозинството членови на Управниот Одбор се овластени да го свикаат Собранието. Времето, местото и целите на ваквата седница ќе се одреди според процедура опишана во член 4.2.4 на овој статут. На секоја таква седница нема да се разгледуваат други прашања освен оние кои се наведени во барањето и дневниот ред, со тоа што членовите може да дискутираат за други прашања без гласање.

**Водење на седница**

4.2.7 Секој член има право на еден глас при гласањата во Собранието доколку активно учествува во работата на Здружението и е физички

присутен во Република Северна Македонија најмалку шест (6) месеци во текот на календарската година, согласно евиденцијата на активностите на Здружението.

4.2.8 Седниците на Собранието можат да се одржуваат со физичко присуство, по електронски пат или во комбинирана форма. Електронското учество и гласање имаат еднаква важност како физичкото присуство и гласање, доколку е обезбедена соодветна идентификација на членот и евиденција на дадениот глас. За кворум на Собранието ќе се смета ако на седницата на Собранието присуствуваат мнозинството од членовите на Здружението со право на глас. Освен доколку е тука поинаку определено, одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови. Претседателот на Собранието ќе го има одлучувачкиот глас, доколку дојде до еднаква поделба на гласовите. Гласањето ќе биде јавно, со тоа што гласањето за избор или разрешување на член на Управниот одбор ќе биде со писмено тајно гласање. Присуството не мора да биде физичко, може да биде остварено по електронски пат. Гласањето може да биде и електронско.

4.2.9 Времето, местото и дневниот ред на седницата на Собранието го предлага Управниот Одбор, а го усвојува Собранието. При усвојувањето на дневниот ред на самата седница на Собранието, членовите на Собранието може да предложат измени и дополнувања на дневниот ред и истите да бидат усвоени со мнозинството од присутните и претставени членови на седницата.

4.2.10 Собранието:

1) го донесува Статутот на Здружението;
2) ја донесува годишната програма за работа на Здружението
3) го усвојува Деловникот за работа на Собранието;
4) го избира Управниот одбор, Надзорниот одбор и Претседателот на Здружението;
5) го усвојува извештајот за работа на Управниот и Надзорниот одбор;
6) го усвојува извештајот за работа на стручните служби;
7) ја контролира и ја насочува работата на Управниот одбор;
8) го разгледува и усвојува извештајот за работа на: Управниот одбор, Надзорниот одбор;
9) го разрешува Управниот одбор, Надзорниот одбор и Претседателот на Здружението ако констатира дека истите го кршат Уставот, законите и другите прописи, Статутот и другите акти на Здружението;
10) ја разгледува завршната сметка на Здружението;
11) ја утврдува основицата и стапката на членарината во здружението на предлог на Управниот одбор;
12) го утврдува финансискиот план на Здружението;

13) Врши и други работи утврдени со статут или општ акт на Здружението.

4.2.11 Со Собранието на Здружението раководи Претседателот на Здружението. Претседателот се избира со мнозинство гласови на Собранието, според дадената листа на предлози.

4.2.12 За вршење на одредени работи од својот делокруг, Собранието може да формира постојани и повремени работни тела.

## 4.3. Управен одбор

4.3.1 Управниот одбор (во понатамошниот текст УО) е раководен орган на Здружението и извршен орган на Собранието. Членовите на Управниот одбор ги избира Собранието.

4.3.2 УО се состои од седум (7) членови, и тоа:
Претседателот, Потпретседателот/координаторот и
5 други членови.

4.3.3 УО:

1) одлучува за општо водење на работите на Здружението;
2) именува потписници на сметките на Здружението;
3) предлага на Собранието нови членови на Здружението;
4) формира постојани и повремени комисии и тела и ги именува нивните членови, според потребите на Управниот Одбор;
5) ги извршува актите на Собранието на Здружението;
6) остварува соработка со институциите на државата, како и соработка со здруженија и организации;
7) остварува соработка со разни асоцијации на други држави и меѓународни институции;
8) по предлог на Претседателот на Здружението избира Заменик-претседател (Координатор) на Здружението;
9) ја контролира работата на Координаторот;
10) го усвојува извештајот за работа на претседателот на Здружението;
11) управува со средствата на Здружението и поднесува извештај;
12) ја предлага завршната сметка;
13) дава предлог за висината на членарината;
14) одлучува по жалби против на одлуките на Комисијата за прием, упис и бришење на членовите на Здружението;
15) донесува други документи предвидени со овој Статут и другите акти на Здружението;
16) разгледува разни проблематики и поттикнува за воведување на

технички-технолошки унапредувања;

17) делегира претставници на Здружението во разни други здруженија, организации и асоцијации;

18) донесува деловник за работа на Управниот одбор;

19) утврдува ставови и ги застапува интересите на членови на здружението;

20) врши и други работи кои со овој Статут не се во надлежност на друг орган.

4.3.4 УО е овластен да основа комисии, постојани и повремени работни тела неопходни за работењето на Здружението.

4.3.5 За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на Здружението.

4.3.6 УО може да дава писмени предлози за дискусија на Собранието, што треба да се направи не подоцна од еден работен ден пред седницата на Собранието.

УО ќе држи седници најмалку еднаш квартално. Сите седници и други состаноци ќе ги води Претседателот, или во негово отсуство лицата предвидени во 4.3.17 и/или 4.3.18. Претседателот на УО ќе одлучи за точниот датум, а членовите ќе добијат формална покана. Секој член може да предлага прашања за разгледување на седницата на УО.

4.3.7 Претседателот, најмалку седум дена претходно, ќе испрати до секој член покана за седницата на УО заедно со времето и местото на седницата како и предложениот дневен ред. Предметот на работа на УО не е ограничен на тоа што е наведено во известувањето за седницата.

4.3.8 Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од присутните членови. Кворум за работа на Управниот одбор постои доколку на седницата присуствуваат најмалку четири (4) членови. Гласањето може да се изведе и електронски.

4.3.9 Седниците на Управниот одбор можат да се одржуваат во просториите на Здружението, по електронски пат или во комбинирана форма. Електронското присуство се смета за полноправно присуство.

4.3.10 Седниците на УО може да се одржуваат во термин кој го одредува Претседателот или по доставено барање до Претседателот потпишано од најмалку една четвртина од членовите на УО.

4.3.11 УО е овластен да основа комисии кои се неопходни за функционирање на Здружението, да ја определи нивната форма и овластувања.

4.3.12 УО ќе биде одговорен за водењето на работите на Здружението. Во тоа својство, УО ќе има овластување да ги уредува работите на Здружението и да го информира Собранието за лицето кое е избрано за функцијата Координатор.

4.3.13 Мандатот на секој член на УО ќе биде две години.

4.3.14 За член на Управниот одбор може да биде избрано лице кое активно учествува во работата на Здружението и е физички присутно во Република Северна Македонија најмалку шест (6) месеци во текот на календарската година, заради обезбедување оперативна достапност, координација и активно учество во работата на Здружението.

4.3.15 Претседателот на УО ќе ги води седниците на УО.

4.3.16 Заменик-претседателот на УО ќе ги преземе обврските на Претседателот доколку не присуствува на состанокот на УО или не е во можност да ги извршува своите задолженија. Доколку Претседателот даде оставка, биде отповикан или на друг начин не е во можност перманентно да ги извршува Претседателските обврски, Заменик-претседателот ќе го замени Претседателот и ќе ја преземе Претседателската функција и неговите обврски.

4.3.17 Доколку местото на Заменик-претседателот биде испразнето поради преземањето на претседателството од страна на Заменик-претседателот согласно 4.3.17 погоре или поради оставка на Заменик-претседателот, неговата функција ќе биде пополнета од тогаш постоечките членови на УО со гласање на УО, а таквото именување ќе биде потврдено на првото наредно Собрание.

4.3.18 Управниот одбор, по предлог на Претседателот, може од редот на своите членови да назначи лице задолжено за финансиско работење и финансиска координација на Здружението.
Лицето задолжено за финансиско работење се грижи за следење на финансиското работење, координацијата со сметководството, подготовката на финансиски извештаи и спроведувањето на финансиските обврски на Здружението, согласно одлуките на Управниот одбор и закон.

4.3.19 Членовите на УО кои не присуствуваат на закажаните седници на УО мора да го информираат Координаторот за причината на нивното отсуство. Доколку член на УО изостанува од три последователни состаноци кои се свикани на начин пропишан со овој акт без причина или од причини кои УО ги оцени како несоодветни, ќе се смета дека оставката на тој член е дадена и прифатена од Здружението.

4.3.20 УО ќе дава писмен или устен извештај за работата на Здружението до Собранието на Здружението во Февруари или Март секоја

година. Во случај на устен извештај, секој член ќе добие известување за Собранието на кое усниот извештај ќе биде даден, најмалку 21 ден пред одржување на тоа Собрание.

## 4.4. Надзорен одбор

4.4.1 Надзорниот одбор (во понатамошниот текст НО) брои најмалку 3 члена ги избира Собранието.

4.4.2 Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови. Секој член мора да се произнесе за релевантните прашања од делокругот на работа преку физичко присуство или по електронски пат. Ако членот не го искаже својот став во дадениот рок, неговиот глас станува неважечки и се донесува одлука според ставот на преостанатите членови. Во случај на спротивни ставови, пресуден е ставот на Претседателот на НО.

4.4.3 НО работи на седници (или виртуелни дискусии по електронски пат) најдоцна за една недела по доставените барања. Седниците на Надзорниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор. Претседателот го избираат членовите на НО со мнозинство на гласови.

4.4.4 Членовите на надзорниот одбор се избираат за време од две години со можност за повторен преизбор.

4.4.5 Надзорниот одбор:

1) врши контрола на финансиското и материјалното работење на Здружението;
2) ја разгледува завршната сметка на Здружението и дава мислење до Собранието;
3) врши надзор над спроведувањето на Статутот на Здружението и другите акти;
4) врши надзор над остварувањето на правата и извршувањето на обврските на членовите на Здружението; и
5) други работи кои ќе му ги додели Собранието на Здружението

4.4.6 За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на Здружението.

## 4.5. Претседател на Здружението

4.5.1 Претседател на Здружението е Претседателот на Управниот одбор на Здружението. За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Управниот одбор.

4.5.2 Мандатот на Претседателот трае две години со можност на повторен избор. Во случај мандатот да истече, а Собранието да не

избере нов Претседател, постоечкиот Претседател ја врши функцијата Претседател до наредното Собрание.

4.5.3 Претседателот на Здружението го избира Собранието на здружението од редовите на членовите на Управниот одбор.

4.5.4 Претседателот на Здружението:

1) Ги свикува седниците на Управниот одбор и заседава со нив;
2) го претставува и застапува Здружението;
3) ја спроведува програмата на Здружението и се грижи за нејзино спроведување;
4) ги потпишува и спроведува заклучоците на Собранието и органите на Собранието;
5) го предлага заменик-претседателот (Координаторот) на Здружението;
6) учествува и ја организира работата во работата на Управниот Одбор;
7) одговара за законитост за својата работа;
8) одлучува за тековни оперативни трошоци и набавки до износ утврден со одлука на Управниот одбор, за што е должен да го информира Управниот одбор на првата наредна седница.
9) Врши и други работи кои му се доверени.

### 4.6. Потпретседател/Координатор на Здружението

4.6.1 Потпретседателот /Координатор на Здружението го избира Управниот одбор на здружението на предлог од Претседателот на Здружението.

4.6.2 Потпретседателот / Координатор на Здружението се бира за време од две години со право на повторен избор.

Координаторот:

1) му помага на претседателот и потпретседателите на Здружението во вршење на нивните функции;
2) ја организира административната дејност на Здружението;
3) организира спроведување на одлуките на Управниот одбор на Здружението;
4) врши и други работи кои му се доверени од Претседателот или со некој акт на здружението.
5) ја изведува кореспонденцијата со членовите на УО.

## 5. Финансиска структура

**5.1.** Финансирање на здружението

5.1.1 Здружението обезбедува средства за работа од:

1) членарини;
2) донации, грантови, спонзорства, подароци и други доброволни придонеси;
3) средства добиени преку домашни и меѓународни програми, фондови и проекти;
4) надоместоци за стручни услуги, експертизи, обуки, истражувања, анализи, студии и други активности што се во согласност со целите на Здружението;
5) приходи од публикации, конференции, едукативни активности, стручни настани и други дозволени активности;
6) други приходи во согласност со закон.

5.1.2 Членарината, давачките и прашањата во врска со тоа се подготвуваат од УО и се уредуваат од Собранието, а се прегледуваат годишно.

5.1.3 Членовите се должни да ги подмируваат своите обврски кон Здружението навремено. Доколку обврската на некој член остане неплатена после доспевањето за период од три месеци, со одлука на Собранието, членот може да биде исклучен од Здружението, со известување до сите членови.

5.1.4 Управниот одбор или овластено лице води финансиска и сметководствена евиденција за средствата, приходите, расходите, имотот и обврските на Здружението, согласно закон.
Еднаш годишно се подготвува финансиски извештај и завршна сметка, кои се доставуваат на усвојување до Собранието.

5.1.5 Дополнителни давачки може да се наметнуваат на членовите на Здружението само со одобрување преку тајно гласање на Собранието на две-третини од гласовите кои имаат право на глас.

5.1.6 Со средствата на Здружението располага Управниот одбор, со одлуки што се извршуваат од страна на овластени потписници, а врз основа на овој Статут и законот.

5.1.7 Средствата на Здружението се користат исклучиво за остварување на целите и дејностите утврдени со Статутот и во согласност со закон.

# 6. Организирање на Здружението

## 6.1. Општи акти и постапка за нивно донесување

Иницијатива за донесување, измена или дополнување на општ акт може да поднесе Претседателот, Управниот одбор, Надзорниот одбор или најмалку пет (5) членови на Здружението.

## Општи акти

6.1.1 Општи акти на Здружението се:

1) Статут на Здружението;
2) Деловници за работа на органите на Здружението;
3) Правилници, политики, процедури и други интерни акти;
4) Одлуки и други акти донесени од органите на Здружението.

6.1.2 Актите на Здружението мора да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за здруженија и фондации, овој Статут и другите важечки законски прописи.

6.1.3 Актите кои ги донесува Собранието не можат да се пренесат во надлежност на другите органи на Здружението.

6.1.4 Управниот одбор општите акти ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

6.1.5 Постапка за донесување, измена или дополнување на општ акт, чие донесување е во надлежност на Управниот одбор, може да поведат Комисиите на Управниот одбор или секој член на здружението. Постапката се поведува со поднесување предлог во писмена форма. Управниот одбор е должен да го разгледа предлогот и по истиот да донесе одлука. Примерок од оваа одлука, Управниот одбор му доставува на предлагачот.

## Статут и негово изменување и дополнување

6.1.6 Статутот го донесува Собранието на Здружението со мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

6.1.7 Иницијатива за донесување на Статут, измена и дополнување, може да покрене секој член на Здружението кој го доставува до Управниот одбор.

6.1.8 Предлог за донесување на Статут, предлог за нивна измена и дополнување поднесува Управниот одбор до Собранието на Здружението. Пред поднесување на овој предлог, Управниот одбор го доставува истиот на службите кои се должни своите забелешки да ги достават во рок од 10 работни денови.

6.1.9 По истекот на рокот од претходниот член, Управниот одбор го утврдува конечниот текст на предлогот и го доставува на Собранието, најмалку 15 дена пред неговото одржување.

**Одлучување на органите**

6.1.10 Одлуките на органите и телата на Здружението се донесуваат со мнозинство од вкупниот број на присутните членови на органите односно телото.

# 7. Престанок на Здружението

**7.1.** Здружението престанува:

1) со одлука на Собранието;
2) во случаи утврдени со закон;
3) со правосилна одлука на надлежен орган.

7.1.1 Здружението ќе престане со работа ако за тоа одлучат членовите на Собранието или ако настанат причини за престанок кои се утврдени со законските прописи во Македонија.

7.1.2 Одлуката за престанок на Здружението се донесува со двотретинско мнозинство од членовите со право на глас.

7.1.3 Во случај на престанок, по намирување на обврските, преостанатиот имот и средства се пренесуваат на друго непрофитно здружение, фондација или институција со сродни цели, согласно одлука на Собранието и закон.

# 8. Преодни и завршни одредби

8.1.1 Сите општи акти на Здружението ќе се донесат и усогласат со одредбите на овој Статут во рок од 120 дена од денот на неговото влегување во сила.

8.1.2 Овој Статут е донесен на ден 29.06.2026 и влегува во сила на денот на неговото донесување.

**Содржина**

# Содржина

Пречистен текст од 29.06.2026 ... 1
1. Основни одредби ... 1
   1.1. Мисија и цели ... 1
   1.2. Назив ... 2
   1.3. Седиште и печат ... 2
2. Предмет на работење ... 2
   2.1. Задачи ... 2
3. Членови и членство ... 3
   3.1. Членови на Здружението ... 3
   3.2. Членство ... 3
      Прием на нови членови ... 3
      Почесни членови ... 4
      Исклучување на членови ... 4
   3.3. Престанок на членство ... 5
   3.4. Права, обврски и одговорности ... 5
4. Органи и тела на Здружението ... 5
   4.2. Собрание на Здружението ... 6
      Стандардно свикување на седница ... 6
      Свикување на седница од членови на Здружението ... 6
      Водење на седница ... 6
   4.3. Управен одбор ... 8
   4.4. Надзорен одбор ... 11
   4.5. Претседател на Здружението ... 11
   4.6. Потпретседател/Координатор на Здружението ... 12
5. Финансиска структура ... 12
5.1. Финансирање на здружението ... 12
6. Организирање на Здружението ... 13
   6.1. Општи акти и постапка за нивно донесување ... 13
      Општи акти ... 14
      Статут и негово изменување и дополнување ... 14
      Одлучување на органите ... 15
7. Престанок на Здружението ... 15
7.1. Здружението престанува: ... 15
8. Преодни и завршни одредби ... 15
      Содржина ... 16